Образец бр.2

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. Опис на проблемите

Донесувањето на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за државна статистика е со цел да се допрецизираат одредени поими користени во Законот.

2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Предлог законот има за цел: допрецизирање на одредени поими од Законот со потенцирање на улогата на Заводот како координатор на статистичкиот систем на земјата и воведување на надзорот врз спроведувањето на Законот, како нова надлежност на Заводот.

Овој закон се заснова на истите начела врз кои се заснова законот чие изменување се предлага.

3. Идентификација на можни решенија (опции)

Опција 1: Не прави ништо. Опцијата "не прави ништо" се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline).

Опција 2: Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за државна статистика.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

Предложено решение (опција):

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државна статистика.

Опис:

Основни решенија на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика се:

-принципите на кои се заснова официјалната статистика;

-потенцирањето на улогата на Државниот завод за статистика, како координатор на статистичкиот систем на земјата во домашни и во меѓународни услови и

-воведување на надзорот како надлежност на Заводот и заострување на казнената политика за прекршување на одредбите на Законот за државната статистика.

1. Трошоци

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните и физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите

Предложеното решение не предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните и физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата и другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Со предложените решенија во измената на Законот за државната статистика се врши воведување на метод на утврдување на висината на глобите во процентуален износ.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за министерствата и другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика оперативни трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика континуирани трошоци за правните или физичките лица.

2. Придобивки

Со Предлог-Законот за измени и дополнување на Законот за државната статистика, ќе се зајакне улогата на Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем на земјата и ќе се воведе нова надлежност-надзор врз примената на одредбите на Законот за државната статистика.

3. Ризици и претпоставки

Главна мотивација за донесување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика е потребата за зајакнување на улогата на Државниот завод за статистика, како координатор на статистичкиот систем на земјата, со што се зајакнува довербата на јавноста во однос на квалитетот на податоците кои ги произведува не само Заводот, туку и овластените носители. Со измените на Законот, се предвидува и воведување на нова надлежност-Надзор врз примената на одредбите на Законот за државната статистика. Надзорот треба да биде во функција на зајакнување на одговорноста и дисциплината на известајните единици, но и на одговорните лица во Заводот.

Главен ризик од недонесувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика е состојбата да остане непроменета, што негативно ќе влијае на квалитетот на статистичките податоци и нема да се постигне целта за унапредување на статистичкиот систем во Република Македонија.

4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Резултати приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз национална конкурентност | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз животната средина | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| **Влијание врз правата на граѓаните** | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |

**Чекор 3: Консултации**

При подготвување на текстот на законот извршени се консултации и усогласени се ставовите со Министерството за правда, Министерството за администрација и информатичко оштество, Народна банка на РМ, Дирекцијата за заштита на личните податоци и Секретаријатот за законодавство.

**Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата**

1. Краток осврт на преферираното решение/опција:

Со Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика се пропишуваат решенија, кои водат кон зајакнување на улогата на Државниот завод за статистика, како координатор на статистичкиот систем на земјата, допрецизирање на одредени поими, а се предвидува и воведување на Надзорот врз спроведувањето на Законот за државната статистика, како нова надлежност.

2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:

м-р Анита Стамнова и Јордан Трајковски

3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на Предлог на Законот во Собранието на Република Македонија: